**До**
**Министерство за информатичко општество и администрација**
**бул. „Св.Кирил и Методиј“ бр.54**
**1000 Скопје, Република Македонија**

**Предмет:** **Коментари во однос предлог - текстот на Законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги**

Коментари во однос предлог-текстот на Законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги

| | **Коментар** | **Предлог** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **Член 112 став 4** | Со Членот 112 став 4, се наметнува обврска оператор кој реемитува програмски сервиси, да обезбеди програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис кои се финансираат од радиодифузна такса.<br><br>Ваквата обврска има смисла во случај кога оператор реемитува програмски сервиси преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит но не и за операторот кој реемитува преку дигитален терестријален мултиплекс.<br><br>Согласно Членот 119 од предлог - текстот на Законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги, обврска за емитување на програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис кои се финансираат од радиодифузна такса има ЈП Македонска радиодифузија. Со оглед на тоа дека програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис од страна на ЈП Македонска радиодифузија се емитуваат free to air, сметаме дека нивното дополнителното реемитување од страна на оператор кој реемитува преку дигитален терестријален мултиплекс претставува непотребно дуплирање и оптоварување на телевизискиот етер.<br><br>Дополнително, со условите за користење дадени во одобрението за користење на радиофреквенции во радиодифузна служба за ДВБ-Т бр.104713 издадено од страна на Агенцијата за електронски комуникации на 04.06.2009 конкретно точка 9 се задолжува imателот на одобрението бесплатно да ги пренесува програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис кои се финансираат од радиодифузна такса **се додека Јавното претпријатие Македонска радиодифузија не започне со пренос на овие програмски сервиси во дигитална форма.**<br><br>Имајќи во предвид дека заклучно со 01.06.2013, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија ја исполни законската обврската за пренесување на програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, сметаме дека е исполнет условот од точка 9 со што имателот на одобрението треба да се ослободи од обврската за пренесување на програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис. | Реформулирање на Член 112 став 4. |

| | | |
|---|---|---|
| **Член 112 став 14** | **Член 112 став 14 наложува** операторот да ја извести Агенцијата во рок од 30 дена **п**ред да се направи промена на податоците наведени во Член 112 став (2) алинеа 2 односно пред да се направи промената на името и презимето на одговорното лице на операторот.<br>Ваквиот Член е апсолутно неприменлив кај оператори со доминантен странски капитал, каде промената на одговорното лице е одлука од строго таен карактер. | Да се реформулира или да се отстрани целосно |
| **Член 114 став 3** | Начинот на кој Членот е конципиран може да води кон погрешно толкување дека операторите кои реемитуваат на подрачјето на Скопје не треба да го доставуваат сигналот за мониторинг. | Операторите кој реемитуваат програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, се должни својот излезен сигнал со иста содржина на онаа што им е достапна на нивните претплатници, континуирано да го испорачуваат до локацијата за прибирање на сигнали лоцирана во секои од подрачјата на регионално ниво согласно членот 68 став (4) од овој закон, заради негова понатамошна дистрибуција до системот за програмски надзор на Агенцијата. |
| **Член 119 став 2** | **Член 119 став 2 гласи**<br><br>Програмскиот сервис на МРТ од членот 115 став (5) на овој закон ги пренесува ЈП Македонска радиодифузија или друг оператор на јавна комуникациска мрежа врз основа на претходно склучен договор со МРТ по спроведена постапка на јавна набавка во согласност со закон.<br><br>**Членот 115 став (5) гласи**<br>(5) МРТ има седиште во Скопје.<br><br>Сметаме дека е направен превид. | Сметаме дека е направен превид. Да се провери |

| | | |
|---|---|---|
| **Член 75 став 1** | **Член 75**<br>**Начин на доделување на дозвола**<br><br>(1) За програмскиот сервис на терестријално радио што се емитува преку ограничен ресурс како што се радиофреквенции **или преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс**, дозволата за радио емитување ја доделува Агенцијата по пат на јавен конкурс.<br><br>Доделувањето на дозвола за програмскиот сервис на терестријално радио што се емитува преку ограничен ресурс **преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс не е согласно ПЛАНОТ ЗА НАМЕНА И РАСПРЕДЕЛБА НА ПРЕНОСНИ КАПАЦИТЕТИ НА ДИГИТАЛЕН ТЕРЕСТРИЈАЛЕН МУЛТИПЛЕКС донесен од страна на СРД.** | **Член 75**<br>**Начин на доделување на дозвола**<br><br>(1) За програмскиот сервис на терестријално радио што се емитува преку ограничен ресурс како што се радиофреквенции, дозволата за радио емитување ја доделува Агенцијата по пат на јавен конкурс. |
| **Член 75 став 16** | (6) Планот од став (5) на овој член треба покрај другото да содржи:<br><br>- број на телевизиски програмски сервиси (стандардна/висока дефиниција);<br>- **број на радио програмски сервиси ;**<br>- капацитети предвидени за дополнителни услуги, други придружни информации и податоци;<br>- предвидени капацитети за премин кон емитување на телевизија во висока дефиниција или други нови технологии;<br><br>**ПЛАНОТ ЗА НАМЕНА И РАСПРЕДЕЛБА НА ПРЕНОСНИ КАПАЦИТЕТИ НА ДИГИТАЛЕН ТЕРЕСТРИЈАЛЕН МУЛТИПЛЕКС донесен од страна на СРД не содржи број на радио програмски сервиси.** | 6) Планот од став (5) на овој член треба покрај другото да содржи:<br><br>- број на телевизиски програмски сервиси (стандардна/висока дефиниција);<br>- капацитети предвидени за дополнителни услуги, други придружни информации и податоци;<br>- предвидени капацитети за премин кон емитување на телевизија во висока дефиниција или други нови технологии; |